Врз основа на член 16 од Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис (Службен весник на Република Македонија бр. 34/ 2001) Министерот за финансии донесе:

# ПРАВИЛНИК

## за начинот и постапката за регистрација на издавач на сертификати

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот и постапката за регистрацијата на издавач на сертификати (во понатамошен текст: издавач )

### Член 2

Регистрација на издавач се врши врз основа на писмено барање на издавачот кое содржи:

- податоци за издавачот или за субјектот кој врши дејност издавање на сертификати;
- податоци за видот на сертификатот кој се издава, намената, времето на важноста и евентуалните ограничувања на сертификатот;
- податоци кои се содржани во потврдата или временскиот жиг;
- податоци за видот на услугите кои издавачот ќе ги врши
- опис на постапките и инфраструктурата на издавачот;
- податоци за постапката и начинот на проверка на идентитетот на носителот на сертификатот.
- електронски назив и други податоци за регистарот и на поништени сертификати ако издавачот води ваков регистер.

### Член 3

Со барањето за регистрација од член 2 од овој правилник издавачот доставува;

- техничка документација од која може да се утврди дека неговата инфраструктура дадена со описот ги исполнува условите утврдени со законот;
- правила на издавачот од кои може да се утврди дека постапките за издавање или поништување на сертификати дадени со описот се во согласност со законот;
- документи кои се потребни за утврдување на видот на услугите кои издавачот ги врши;
- други податоци кои се однесуваат на дејноста или услугите на издавачот.

### Член 4

Ако издавачот, издава и квалификувани сертификати тогаш со барањето треба да достави и:

- податоци за бројот, стручната подготовка и работното искуство на вработените кај издавачот
- доказ дека е осигуран , според законот

### Член 5

Ако издавачот е странско правно или физичко лице со барањето за регистрација треба да достави и доказ за важноста на неговиот сертификат

во Република Македонија согласно член 34 став 2 од законот.

**Член 6**

Барањето за регистрација се поднесува со техничка документација која може да биде и на англиски јазик.

**Член 7**

Врз основа на барањата за регистрација со документација во Министерството за финансии се врши регистрација на издавачот, со упис во регистарот.

Барањата со документацијата во Министерството за финансии се чува како службана тајна.

**Член 8**

Издавачот кој нема да биде впишан во регистерот на издавачи, има право на приговор согласно закон.

**Член 9**

За секоја промена на условите настанати по уписот во регистерот, издавачот е треба писмено да го извести Министерството за финансии.

Ако Министерството за финансии дојде до сознание дека се настанати промени за кој издавачот не го известил, ќе го повика издавачот да достави документација за тие промени, заради нивни упис.

**Член 10**

Извршениот упис на издавачи во регистарот, може да се објави на интернет.

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. МИНИСТЕР,
17.август 2001 година **Никола Груевски**